С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес
Излегува по потреба

Број 5 година XLVI

05 април 2011

74.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување Буџетски календар на Општина Велес за 2012 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Буџетскиот календар на Општина Велес за 2012 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 30.03.2011 година.

Број 08-1865/1
05.04.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06, 3/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.03.2011 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување Буџетски календар за 2012 година

1. Советот на Општина Велес го усвои Буџетскиот календар за 2012 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-1758/3
30.03.2011 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 27, став 4 и 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл.весник на РМ' бр.61/04;96/04;67/07;156/09), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06,3/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.03.2011 година, донесе

БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР
на Општина Велес за 2012 година

Можен датум	Буџетски активности	Одговорност
декември/ март	Советот на Општината го донесува буџетскиот календар	Закон за финансирање на ЕЛС, („Сл.весник на РМ“ бр.61/04; 96/04,67/07,156/09 член 27, став 4 и 5)
април	Министерот за финансии доставува до Владата на РМ фискална стратегија на РМ за наредните три години	Закон за буџетите („Сл.весник на РМ“ бр.64/05; 04/08; 103/08; 156/09; 95/10 член 16)
април	Советот на Општината ја разгледува и усвојува Фискалната стратегија на Општината	Одделение за финансии, буџет и администрирање со даноци и имот и Одделението за локален економски развој
април-мај	Градоначалникот подготвува препораки за подготовка на финансиски планови и ги поднесува до корисниците на општинскиот буџет	Градоначалник, Одделение за финансирање, буџет,општински имот и администрирање со даноци и имот
мај -јуни	Општинските буџетски корисници ги доставуваат нивните финансиски планови заедно со објаснувањата за одделните износи по позиции	Буџетски корисници
јули -август	Одделението за финансирање, буџет,општински имот и администрирање со даноци и имот ги анализира барањата од буџетските корисници и го известува Градоначалникот за основните параметри (зголемени или намалени барања)	Одделение за финансирање, буџет,општински имот и администрирање со даноци и имот
септември	Министерот за финансии го доставува буџетскиот циркулар до општините (најдоцна до 30.09.)	Закон за буџетите („Сл.весник на РМ“бр.64/05; 04/08; 103/08; 156/09 и 95/10 член 21) Закон за финансирање на ЕЛС(Сл.весник бр.61/04;67/07,156/09 член 27, став 1 и 2)
октомври	Градоначалникот и Одделението за финансирање, буџет, општински имот и администрирање со даноци и имот се состануваат, за да ги одредат приоритетите и одредниците на буџетот за наредната година	Градоначалник, Одделение за финансирање, буџет,општински имот и администрирање со даноци и имот

октомври	Буџетските информации се доставуваат до Одделенијата во Општината, заедно со упатствата за основните насоки и препораки од Градоначалникот	Одделение за финансирање, буџет, општински имот и администрирање со даноци и имот
октомври	Проценките на трошоците за наредната буџетска година се враќаат во Одделението за финансирање, буџет,општински имот и администрирање со даноци и имот од останатите одделенија и сектори	Раководители на сектори Раководители на одделенија
октомври	**а**. Се собираат буџетските барања **б**. Барањата се анализираат,усогласуваат и поднесувааат до Градоначалникот **в**. Се изготвува билансот на приходи **г.** Се изготвува билансот на расходи	Одделение за финансирање, буџет, општински имот и администрирање со даноци и имот
октомври	Градоначалникот на општината подготвува предлог на план на програми за развој усогласен со насоките од циркуларот и истиот го доставува на одобрување до Советот на општината најдоцна до 20 октомври во тековната година	Градоначалник, раководители на сектори, раководители на одделенија
октомври - ноември	Советот на општината го одобрува предлогот на планот на програмите за развој најдоцна до 15 ноември во тековната година. Одобрениот план на програмите за развој е составен дел на предлогот на буџетот на општината	Совет на Општина
ноември - декември	Градоначалникот го разгледува и одобрува Предлог-буџетот подготвен од страна на Одделението за финансирање, буџет,општински имот и администрирање со даноци и имот	Градоначалник
декември	Се доставува Предлог-буџет од страна на Градоначалникот	Градоначалник
декември	Се води расправа во телата на Советот на Општината	Комисија за финансирање и буџет
крај на декември	Советот на Општината го усвојува буџетот за наредната година (најдоцна до 31 декември)	Совет на Општина
јануари	Започнува новата буџетска година	

Број 07-1758/3
30.03.2011 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

75.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за давање на користење недвижен имот-училишна зграда на Ловното друштво „Руен“ од Велес

Се објавува Одлуката за давање на користење недвижен имот-училишна зграда на Ловното друштво „Руен“ од Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 30.03.2011 година.

Број 08-1865/2
05.04.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1,точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 45,став 1 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр. 12/06,3/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 30.03.2011 година, донесе

О Д Л У К А
за давање на користење недвижен имот – училишна зграда на Ловното друштво„Руен“од Велес

Член 1

Со оваа Одлука на ЗГ Ловното друштво „Руен“ од Велес, се дава на користење недвижен имот – училишна зграда која се наоѓа на КП 690, заведено во ИЛ 237 за КО Џидимирци, сопственост на Општина Велес.

Член 2

Недвижниот имот утврден во член 1 на оваа Одлука со вкупна површина од 160 м2, се дава на времено користење од 10 години без надоместок.

Член 3

Ловното друштво „Руен“ од Велес, се обврзува со сопствени средства да го уреди објектот, стави во функција за своите потреби и тековно да го одржува.

Ловното друштво „Руен“ од Велес не смее да дозволи да има користење на објектот од други лица без согласност на сопственикот.

Член 4

За времето користење на училишната зграда помеѓу Општината Велес и ЗГ Ловно друштво „Руен“од Велес ќе се склучи Договор за правата и обврските помеѓу договорните страни.

Се задолжува Градоначалникот на Општина Велес да го склучи овој договор.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-1758/4
30.03.2011година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

76.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување Годишен извештај за реализација на Програмата за енергетска ефикасност на Општина Велес 2010/2014

Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за реализација на Програмата за енергетска ефикасност на Општина Велес 2010/2014, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 30.03.2011 година.

Број 08-1865/3
05.04.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а согласно член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.03.2011 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување Годишен извештај за реализација на Програмата за енергетска ефикасност на Општина Велес 2010/2014 година

1. Советот на Општина Велес го усвои Годишниот извештај за реализација на Програмата за енергетска ефикасност на Општина Велес 2010/1014 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-1758/5
30.03.2011 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

77.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување Годишен извештај за работата на Центарот за развој на Вардарски плански регион за 2010 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работата на Центарот за развој на Вардарски плански регион за 2010 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 30.03.2011 година.

Број 08-1865/4
05.04.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а согласно член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.03.2011 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување Годишен извештај за работата на Центарот за развој на Вардарски плански регион за 2010 година

1. Советот на Општина Велес го усвои Годишниот извештај за работата на Центарот за развој на Вардарски плански регион за 2010 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-1758/6
30.03.2011 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

78.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување Годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на Вардарски плански регионза 2010 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за спроведување на Програмата за развој на Вардарски плански регион за 2010 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 30.03.2011 година.

Број 08-1865/5
05.04.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а согласно член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.03.2011 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување Годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на Вардарски плански регион за 2010 година

1. Советот на Општина Велес го усвои Годишниот извештај за спроведување на Програмата за развој на Вардарски плански регион за 2010 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-1758/7
30.03.2011 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

79.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес

Се објавува Решението за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 30.03.2011 година.

Број 08-1865/6
05.04.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10), а согласно член 16 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2011 година („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.19/10 и 02/11),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 30.03.2011 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес

1. На Кајакарскиот Кано клуб „Гемиџии 903“ од Велес, му се одобрува еднократен надоместок во висина од 20.000,оо денари, за припреми и подготовки за престојните натпревари.

2. На Кајакарскиот клуб „Вила Зора“ од Велес му се одобрува еднократен надоместок во висина од 20.000,оо денари, за припреми и подготовки за престојните натпревари.

3. Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Велес за 2011 година, Програма А - Совет на Општина Велес, Потпрограма АО - Совет на Општина Велес, категорија 41, ставка 413, потставка 413110 - тековни разерви (разновидни расходи).

4. Се задолжува Градоначалникот на Општина Велес да го изврши наведеното решение преку Одделението за финансирање, буџет, општински имот и администрирање со даноци и имот при Општина Велес.

5. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-1758/8
30.03.2011 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

80.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес

Се објавува Решението за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 30.03.2011 година.

Број 08-1865/7
05.04.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10), а согласно член 16 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2011 година („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.19/10 и 02/11),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 30.03.2011 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес

1. На Дејан Митрев од Велес, му се одобрува еднократен надоместок во висина од 50.000,оо денари, за помош по настаната штета од пожар.

2. Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Велес за 2011 година, Програма А - Совет на Општина Велес, Потпрограма АО - Совет на Општина Велес, категорија 41, ставка 413, потставка 413110 - тековни резерви (разновидни расходи).

3. Се задолжува Градоначалникот на Општина Велес да го изврши наведеното решение преку Одделението за финансирање, буџет, општински имот и администрирање со даноци и имот при Општина Велес.

4. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-1758/9
30.03.2011 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

81.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за давање согласност на Одлука за отуѓување на утврдени движни ствари - предмети на трајно користење на ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес

Се објавува Решениието за давање согласност на Одлука за отуѓување на утврдени движни ствари - предмети на трајно користење на ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 30.03.2011 година.

Број 08-1865/8
05.04.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз онова на член89-а, став 1, алинеа 11 од Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование ("Сл.весник на РМ" бр. 67/04), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Сл. весник на РМ" бр.5/02) и член 45,став 1 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр. 12/06,3/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.03.2011 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за давање согласност на Одлуката за отуѓување на утврдени движни ствари - предмети на трајно користење на ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес

1. Со ова Решение се дава согласност на Одлуката отуѓување на утврдени движни ствари - предмети на трајно користење на ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес

број 02-73/7 од 15.02.2011 година, донесена од Училишниот одбор на ОСУ „Јовче Тесличков“ - Велес на седницата одржана на 15.02.2011 година.

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-1758/10
30.03.2011 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

82.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за давање согласност на Одлука за преотстапување на стар инвентар на ООУ„Рајко Жинзифов“ Долно Оризари-Велес

Се објавува Решението за давање согласност на Одлука за преотстапување на стар инвентар на ООУ „Рајко Жинзифов“ Долно Оризари - Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 30.03.2011 година.

Број 08-1865/9
05.04.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз онова на член126, став 1, алинеа 14 од Законот за основното образование ("Сл.весник на РМ" бр. 103/08,33/10,156/10 и 18/11), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр.5/02) и член 45,став 1 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр. 12/06,3/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.03.2011 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за давање согласност на Одлуката за преотстапување на стар инвентар на ООУ „Рајко Жинзифов“ Долно Оризари

1. Со ова Решение се дава согласност на Одлуката за преотстапување на стар инвентар на ООУ „Рајко Жинзифов“ Долно Оризари - Велес број 02-92/4 од 17.02.2011 година, донесена од Училишниот одбор на ООУ „Рајко Жинзифов“ Долно Оризари - Велес на седницата одржана на 17.02.2011 година.

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-1758/11
30.03.2011 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

83.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за разгледување на Информација за безбедносната состојба на железничките премини на подрачјето на Општина Велес

Се објавува Заклучокот за разгледување на Информација за безбедносната состојба на железничките премини на подрачјето на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 30.03.2011 година.

Број 08-1865/10
05.04.2011 година
Велес
ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06, 3/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.03.2011 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за разгледување Информација за безбедносната состојба на железничките патни премини на подрачјето на Општина Велес

1.Советот на Општина Велес ја разгледа Информацијата за безбедносната состојба на

железничките премини на подрачјето на Општина Велес.

2. Железничките патни премини во Велес и околината (кај ф-ка „Киро Ќучук“, населба „Превалец“, поранешна ф-ка „Порцеланка“, преминот кон с. Горно Оризари и „Пашин мост“) се небезбедни за премин на граѓаните и на истите не функционира поставената патна сингализација.

На голем дел од патни премини, воопшто нема поставено заштита и тие места претставуваат ризик за бебедноста на граѓаните.

3. Од страна на Владата на РМ одобрени се 4 милиони денари за поставување електрични контакти на патните премини за Велес, но се уште не се оперативно функционални, без електрично поврзување.

4.Заклучокот да се достави до надлежните институции за преземање мерки за надминување на горе наведената состојба и подобрување на безбедноста на железничките патни премини во Велес.

5.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-1758/12
30.03.2011 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Бр на акт **Страница**

74	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за усвојување Буџетски календар на Општина Велес за 2012 година**	182
	З А К Л У Ч О К за усвојување Буџетски календар за 2012 година	
75	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за давање на користење недвижен имот-училишна зграда на Ловното друштво „Руен“ од Велес**	185
	О Д Л У К А за давање на користење недвижен имот – училишна зграда на Ловното друштво„Руен“од Велес	
76	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за усвојување Годишен извештај за реализација на Програмата за енергетска ефикасност на Општина Велес 2010/2014**	185
	З А К Л У Ч О К за усвојување Годишен извештај за реализација на Програмата за енергетска ефикасност на Општина Велес 2010/2014 година	
77	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за усвојување Годишен извештај за работата на Центарот за развој на Вардарски плански регион за 2010 година**	186
	З А К Л У Ч О К за усвојување Годишен извештај за работата на Центарот за развој на Вардарски плански регион за 2010 година	
78	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за усвојување Годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на Вардарски плански регионза 2010 година**	186
	З А К Л У Ч О К за усвојување Годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на Вардарски плански регион за 2010 година	
79	**З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес**	187
	Р Е Ш Е Н И Е за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес	
80	**З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес**	188
	Р Е Ш Е Н И Е за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес	

Бр на акт **Страница**

81	**З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за давање согласност на Одлука за отуѓување на утврдени движни ствари - предмети на трајно користење на ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес**	188
	Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Одлуката за отуѓување на утврдени движни ствари - предмети на трајно користење на ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес	
82	**З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за давање согласност на Одлука за преотстапување на стар инвентар на ООУ„Рајко Жинзифов“ Долно Оризари-Велес**	189
	Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Одлуката за преотстапување на стар инвентар на ООУ „Рајко Жинзифов“ Долно Оризари	
83	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за разгледување на Информација за безбедносната состојба на железничките премини на подрачјето на Општина Велес**	189
	З А К Л У Ч О Кза разгледување Информација за безбедносната состојба на железничките патни премини на подрачјето на Општина Велес	

Издавач: Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00